СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО

НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

# Тематска анализа/дијагностика: **Транспортна инфраструктура**

## Извршно резиме

Транспортната инфраструктура обезбедува транспортни мрежи и услуги од кои зависи економијата на Северна Македонија. Транспортниот сектор е клучен поттикнувач на економскиот раст и трговијата. Ефикасниот транспортен инфраструктурен систем ја олеснува индивидуалната мобилност и движење на стоки, обезбедувајќи еднаков и безбеден пристап до вработување и услуги како што се здравството, образованието и промовирање на економската активност.
Основната транспортна инфраструктура на Република Северна Македонија е релативно добро воспоставена и може да се смета како добра основа за понатамошен развој и модернизација. Понатамошниот развој на транспортниот сектор ќе придонесе за конкурентност на националната економија и одржлив рамномерен регионален развој.
Новиот пристап на развој на Националната Развојна Стратегија (НРС) за транспортниот сектор, ги интегрира пошироките општествени, економски и политички приоритети. Со ваков пристап има подобри перспективни можности на одржливост и потенцијал да ја намали нерамномерната распределбата на приходите и трошоците од управувањето со транспортните средства и другите поврзани ресурси во географски, социјален и генерациски контекст. За да се постигне одржлива мобилност за сите, структурната рамка за ефикасно управување со транспортниот секторот барадоволно ресурси, функционална институционална структура и примена на ефикасни регулаторни и контролни методи .
Овој извештај, кој е во шест делови, од направената анализата на транспортниот сектор претставува преглед на некои од главните аспекти поврзани со управувањето со транспортниот сектор и транспортната инфраструктура кои треба да бидат дел од процесот на развој на НРС. Анализата е направена според современите пристапи за интегрирано управување на инфраструктурните транспортни средства, клучните начела на добро управување, зачувување на животната средина, отпорност на транспортната инфраструктура на климатски промени, и подобрена безбедност. Во првиот и вториот дел, извештајот од анализата се осврнува на контекстот, стратешкото опкружување, главните засегнати страни и главните предизвици на петте транспортни под-сектори и тоа:

- патна транспортна инфраструктура;
- железничка транспортна инфраструктура;
- воздушен транспорт и оператори; и
- воден – езерски транспорт и
- урбан транспорт

Конкретно, стратешки цели преку петте под-сектори на транспортниот сектор воглавном се фокусирани кон подобрен пристап и безбедност на врските со соседните земји преку надградба и модернизација на транспортната инфраструктура вдолж сеопфатната мрежа SouthEastEuropeTransportObservatorySEETOТранспортната опсерваторија на Југоисточна Европа, како дел од мрежата TEN-T (Коридорите VIII, X и гранката X г). Овие активности се во согласност со стандардите на Европската Унија и се од суштинско значење за подобрување на квалитетот на животот на луѓето и за постигнување одржлив економски развој на земјата.

Во првите делови од извештајот претставена е институционалната поставеност и клучните засегнати страни, нивната улога во транспортниот систем, нивната улога и придонес во развојот на НРС. Дополнително, во овој дел вклучен е преглед на релевантните национални политики, стратешки документи, кои се добра основа на процесот за развој на НРС за транспортниот сектор. Понатаму, Извештајот се осврнува на главните предизвици во управувањето со транспортната инфраструктура, врз основа на прегледаните документи и расположливите податоци, кои што може да се користат како основа за генерален преглед на

моменталната состојба на транспортната инфраструктура, и поставување на генерални индикатори за следење на резултатите и поставените цели за одржлив развој.

При крајниот дел од извештајот даден е преглед на поврзаноста со клучните меѓусекторски теми : Управување со ризици и отпорност на инфраструктурата, Родова еднаквост и инклузија, Социјална инклузија,Животна Средина , Здравство, Добро владеење, Дигитализација и иновации, и пристап заснован на човекови права.Конечно, во извештајот наведени се генерални заклучоци од направената анализа,како основа заопшти препораки за понатамошниот процес на развојот на НРС за транспортниот сектор.